2022 година

# Етика и Интегритет на изборниот процес за лица со попреченост



ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРОМОЦИЈА И РАЗВОЈ НА ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО ИНКЛУЗИВА

Наслов:

Етика и Интегритет на изборниот процес за лица со попреченост

Издавач:

Здружение за промоција и развој на инклузивно општество

ИНКЛУЗИВА

Автор:

Благица Димитровска

Печати: „Графотекс“ - Куманово

# Вовед

Овој прирачник има за цел да ги информира лицата со попреченост, за Етика и Интегритет на изборниот процес.




**Изборен процес со Етика и Интегритет** е процес во кој, лицата со попреченост имаат исти **Човекови Права,** како и сите други граѓани.



Тие се загарантирани во Меѓународни договори, кои се обрзувачки за државите кои ги потпишале и ратификувале.

## Меѓународни договори за човекови права на лицата со попреченост во изборните процеси се:

- Универзалната декларација за човекови права;
- Меѓународен пакт за граѓански и политички права;
- Европската конвенција за човекови права;
- Повелбата за основните права на Европската Унија, и

## Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост.



Овој документ е ратификуван во македонското Собрание на 05 декември 2011 година.




Конвенцијата е збир од права за лица со попреченост.

Таа  не предвидува нови Закони, но бара да се подобрат постоечките. Односно граѓаните да не се третираат, различно или неправедно, поради нивната попреченост.



Конвенцијата посочува, дека државите потписнички обезбедуваат Закони и мерки, со кои  сите граѓани со попреченост, на еднаква основа со другите, ќе ги уживаат политичките права.

## Политичките права

на граѓаните со попреченост, да избираат, да се кандидираат, да набљудуваат и да



извршуваат јавни функции, не треба да се разликуваат од правата на другите. Правото на избор е:

## Избирчко право.

Избирачкото право се остварува на изборниот ден, кога од листите со



кандидати, избирачите избираат, кој да управува со нивната земја или нивниот град.

Лицата со попреченост, како и сите други, треба да бидат кандидирани и избрани за вршење на јавни функции, ако на Изборите освојат доволен број на гласови.

## Правото за Кандидарање на избори,



граѓанините со попреченост, го остваруваат самостојно или преку политичка партија.

## Политичка партија

е група на луѓе кои имаат слични идеи за политиките и законите во државата.



Како членови на политички партии, лицата со попреченост можат/требаат да

бидат дел од партиски тела, да донесуваат партиски одлуки и да бидат избрани за партиски лидери. Политичарите со попреченост, имаат право да бидат кандидати на изборните листи од партијата во која



членуваат. Кандидатските листи ги потврдуваат избoрни органи.

## Изборни органи

кои ги организираат и спроведуваат



изборите се:

- **Државна изборна комисија.**
- Општински изборни комисии и
- Избирачки одбори.

Лицата со попреченост имаат право да бидат дел од изборни органи, односно да ги организираат и спроведуваат изборните циклуси.

## Изборните циклуси се:

збир од меѓусебно поврзани активности, во определени временски периоди. Учеството на



лицата со попреченост во секој период, ќе ја подобри пристапоста и достапноста на изборниот процес, со што ќе се зголеми етичноста и интегритетот на истиот. Изборните процеси се следат од страна на овластени лица кои имаат:

## Набљудувачко право!



Набљудувањето на изборите  директно влијае за унапредување на изборните права на граѓаните.

Набљудувачите со попреченост имаат право, да го набљудуваат целиот изборен процес. Преку



директно известување, за утврдените проблеми на избирачите со попреченост и давање на препораки за нивно надминување, придонесуваат  за решавање истите.

# Што треба да се подобри?

**У**чеството на  лицата со попреченост, во изборните процеси е отежнато. Потребните подобрувања се:



**И**зборната правна рамка, да се усогласи со одредбите од Конвенцијата на ОН, за правата на лицата со попреченост!




**Д**а се овозможи лицата со интелектуална и психосоцијална попреченост, да ја уживаат деловната способност и правото на избор.




**Н**а лицата со попреченост кои престојуваат во установи за вонсемејна



грижа да им се овозможи
да гласаат!

**Д**а се воведат квоти за застапеност на лицата со попреченост, во изборните органи и на кандидатски листи за парламентарни и локални избори!



**П**олитичките партии да изготвуваат пристапни кампањи и достапност до местата за состаноци и настани.



**Д**а се евидентира, бројката на лицата со попреченост, кои учествуваат во политичкиот и изборниот процес!



**Д**а се обезбеди пристап до избирачки места и јавни објекти.



Информациите за учество во политичките и изборните процеси да се лесно разбирливи.




Лицата со попреченост и нивните застапници, да се вклучени во консултации, при носење на одлуки, за изборни права и процеси!



Да се предвидат буџетски средства, за поддршка на кандидатите со попреченост.




Да се поттикне видливоста и учеството на лицата со попреченост во изборните дебати и емитување на политички програми на медиумите во достапни формати.



Со активната вклученост на лицата со попреченост во политичкиот и изборниот процес се придонесува не само кон подобри законски и политички решенија за лицата со пореченост туку се овозможува подобро општество за СИТЕ!

## Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА

Е-маил: inkluziva@gmail.com






Веб: http://inkluziva.mk

Здружение за промоција и развој на инклузивно општество

ИНКЛУЗИВА